Љупчо Неделков

# ОБРЕДНАТА СТРУКТУРА РАЃАЊЕ КАЈ МАКЕДОНЦИТЕ ВО ТИКВЕШ

*Айсшракш:* Раѓањето на детето претставува најзначаен момент во животот на секоја брачна заедница. Поради тоа, целокупната обредна структура е проследена со изграден обредно-религиски систем, кој има за цел да изврши постепен, сигурен и успешен премин од светот од кој се доаѓа во светот во кој се пристигнува. Од емпирискиот материјал собран за сите населени места во Тиквеш е создаден идеалниот модел на *обреднаша сшрукшура раѓање*, преку кој можат да се следат специфичните елементи што го градат етничкиот идентитет на Македонците од Тиквеш, но и веќе воспоставениот традиционален систем на обредите поврзани со раѓањето на детето на пошироката територија на Македонија.

*Клучни зборови*: бременост, раѓање, леунство, обредни дејства, магиски дејства, елементи од категориите Природа, Човек, Култура, премин, нов статус, нова социјална рамнотежа.

## 1. Бременост

Бременоста е критичен временски период од животниот циклус на секоја жена. Започнува со појава и манифестирање на некои несекојдневни реакции*: доцнење на менсшруалниош циклус*, *нагон за йовраќање, йремаленосш, вршоглавица* и сл. Овој момент на реално ниво го означува преминот на жената од една *йрофана* во една нова, *свеша,* статусна положба. Новата статусна положба е имплицитно изразена и преку народната терминологија: *бремена, шешка, у йоложение, шрудна или йак блажена сосшојба*, израз со христијанска конотација, со кој се потенцира блажената, посакуваната и светата положба на жената. Меѓутоа, новата состојба јасно укажува и на некои амбивалентни карактеристики: на една страна се радоста и веселбата заради пристигнувањето на новиот член во семејството, а од друга страна е стравот од непознатото, *нечисшошо* и *oйасношо* што може да произлезе од новиот статус на жената. Оттука потекнуваат многубројните *йравила* кои имаат за цел да ги регулираат контактите помеѓу бремената жена од една страна и членовите на семејството и на социјалната средина од друга страна, со цел да се воспостават нови граници во просторот и во времето во една новонастаната ситуација.

Според народното верување, бремената жена била изложена на негативни, опасни дејства и од *нашйрироднише сили* кои можеле да го загрозат нејзиниот нов статус. За таа цел се активирале голем број прописи со кои се настојувало бремената жена делумно или целосно да се одвои и да се заштити од изворите на *нечисшошо* и *oйасношо*. Извори и носители на нечистото можеле да бидат: *йросшорош, времешо, живошниште, расшенијаша,*

*емоциите, забранетите дејства, луѓето со посебен статус* (маргиналци) и сл.

*Просторот и времето* добивале нов семиотички код кога е во прашање бремената жена. Така, на пример, на бремената жена ѝ било забрането да се движи по определени просторни целини кои, според народната митологија, биле седиште на *натприродните сили.* Такви се: *гумното, раскрсниците, стреите на куќите, меѓите, гробиштата и светите води.* Забраните добивале во интензитет во вечерните часови, а особено во периодот од 12 часот по полноќ, па сѐ до пеењето на првите петли, временски интервал познат како *глуво доба.* Во овој временски период *нечистите сили* непречено владеат со социјалниот простор на живите, па допирот со нив е реален и можен, а со тоа опасен и непожелен. Куќниот праг исто така е забранета категорија. Како седиште на душите на предците, прагот е *свето, нечисто и опасно* место. Таа опасност произлегува од можноста за промена на категориите по должината на оската *долу-горе.* Во таа смисла, бремената жена која ќе дојдела во допир со *прагот* се изложувала на опасност од непосреден допир со хтонското - можела да роди мртво дете.

Посредниот или непосредниот допир на бремената жена со одредени животни исто така бил регулиран со посебни правила. Во категоријата забранети животни кои имплицитно биле носители на *нечистото и опасното* спаѓале: *змијата, гуштерот, црната мачка, магарето, кокошката, зајакот, кучето* и сл. Забраните произлегувале од народното верување кое е во директна врска со хомеопатската магија (сличното = слично). Оттука, детето можело да се роди со карактеристики на дадените животни: **змија** и **гуштер** - *детето можело да се роди со шарки по телото, кожата на лицето можела да му се лупи како на змија, детето ќе било ладно како змија* (инф. бр. 1); **црна мачка** - *чинот на раѓање ќе бил тежок; детето во сон ќе мјаукало како мачка* (инф. бр. 2); **магаре -** *детето ќе имало магарешки уши, заби, ќе било тврдоглаво како магаре* и сл.; **кокошка** - *детето ќе кркало како заклана кокошка* (инф. бр. 3) .

Некои животни ја покажуваат својата активност во вечерните часови, а особено во периодот на младата месечина. Така, на пример, во овој временски период **зајците** ја започнуваат својата игра под слабата и нејасна месечева светлина**, кучињата** и **волците** завиваат и на тој начин воспоставуваат директна врска со *натприродното,* кое е под директен патронат на *лунарното.* Оттука, посредниот или непосредниот допир на бремената жена со овие животни бил потенцијална опасност за нејзиниот допир со претставниците на *оној свет,* кои, на реално ниво, можеле да ја загрозат нејзината нова статусна положба.

Допирот на бремената жена со одредени растенија исто така спаѓал во забранетата категорија. Во оваа категорија спаѓале *шипот и оревот.* Шипот е растение околу кое се собирале самовилите. Во тој контекст, нашата информаторка вели: „Они таму прават лулка“ (инф. бр. 4). Според народното верување, под оревот се собирале вештерките, па оттука е и забраната за престој на бремената жена под ова дрво. Меѓутоа, имајќи го предвид

хтонскиот карактер на ова дрво, можеме да заклучиме дека забраната произлегувала од опасноста што демне од *хтонските сили*.

Неповолниот емотивен нагон предизвикан од страв и од уплав можел негативно да се одрази на бремената жена и на плодот. Жената не требало да присуствува на пожар (детето ќе се родело со црвени дамки по телото), не смеела да излегува при атмосферски празнења (грмење, молња) за да не доживее емотивен стрес, морала да се чува и од силни ветришта „да не ја завијат“, бидејќи, според народното верување, ветерот го предизвикувале *натприродните сили*.

Негативни импликации можеле да предизвикаат и некои дејства иницирани од бремената жена. Таа не требало да краде; украдениот предмет магиски ќе го инфицирал телото на детето: „Бремената ништо не смее да краде - грозје, круши, сливи, зашто детето ќе имало белег“ (инф. бр. 5). Забрането ѝ било да им се потсмева на луѓе со вродени мани или посебни потреби: „Господ може и нејзе да ѝ доделе слични или исто“. Забрането ѝ било да го гледа згаснувањето на домашното огниште. Според народното верување, згаснувањето на огнот е еквивалент на згаснувањето на животот на нејзиниот плод. Во таа смисла, на бремената жена ѝ било забрането да посетува умрен човек или пак да присуствува на погреб, зашто детето можело да се роди мртво или да биде бледо како мртовец.

Од наведените примери јасно се гледа дека секој контакт на бремената жена со одредени облици од категориите Природа, Човек и Култура доведувал до исти или до слични последици. Ако детето се родело болно или со одредени аномалии, тогаш се верувало дека жената не се придржувала до соодветните правила и одговорноста паѓала на нејзин грб.

## 2. Раѓање

Најкритичниот момент во *обредната структура раѓање* е процесот на меѓусебното раздвојување на родилката и плодот. Несреќните случаи кога страдале родилката или новороденчето честопати им биле припишувани на *нечистите сили* кои, посредно или непосредно, дошле во допир со нив, или пак биле последица од недоследно применетите обредно-магиски дејства, кои требало да овозможат успешно, сигурно и безболно пораѓање. Во таа смисла, чинот на раѓањето бил проследен со низа обредно-магиски дејства и правила.

Веднаш штом ќе почувствувала болки, родилката се повлекувала во посебен простор, надвор од очите на јавноста, каде што во целосна тајност се одвивал чинот на раѓањето. Тихомир Ѓорѓевиќ смета дека основната функција на овој обреден чин е родилката да се заштити од „магиска инфекција“ на „лошите очи“ (Т.Ђорђевић, 1983: 93). Меѓутоа, ова верување е секундарно во однос на структурната детерминираност на целиот обред поврзан со раѓањето, бидејќи обредната изолација е нужна за премин на обредните субјекти (родилка-дете) од еден статус во друг (Бојан Јовановић, 1993: 73).

За таа цел, чинот на раѓањето најчесто се одвивал во *клетот*, *пондилата, племната* или во некој друг стопански објект (инф. бр. 6). Доколку се случело породилните болки да ѝ се јават на бремената жена по

пат, во поле или на нива, каде што до последниот момент на бременоста ги извршувала своите работни задачи, тогаш се повлекувала настрана, се затскривала зад некој природен објект, каде што раѓала сама. Меѓутоа, ваквите постапки (раѓање без ничија помош) честопати завршувале со смрт на родилката или на новороденчето. За оваа ризична ситуација, нашата информаторка вели: „Една сама раѓаше, и кога отидоме, она умрела и плодот на врат ѝ беше“ (инф. бр. 7). Затоа, при чинот на раѓање асистирала некоја постара и искусна жена, позната како селска бабица. Асистенцијата била неопходна особено кај првородилките, кои, збунети, уплашени и недоволно искусни, можеле да го доведат во опасност својот живот или пак животот на новороденчето.

Бабицата веднаш се зафаќала со практични и обредно-магиски дејства со цел да го олесни овој чин. Така, на пример, родилката ја терале да потскокнува и да се движи за да дојде до полесно одвојување (инф. бр. 8), околу половината ја замотувале со ќебе - „да се стопли“ (нф. бр. 9), ја терале да клечи над сад со топла вода - „за полесно да се отвори“ (инф. бр. 10), ѝ давале да дува во шише или во устата ѝ ставале перче од нејзината коса - „за да добиела нагон за повраќање“ (инф. бр. 11). На тој начин се зголемувал неопходниот напон за полесно меѓусебно одвојување. Покрај овие физички активности, се применувале и низа обредно-магиски дејства. Така, на пример, родилката ја попрскувале со вода, или пак по градите на родилката истурале вода, притоа изговарајќи одредени магиски формули: „Како што водата лесно оди, така и раѓањето лесно да оди“ (инф. бр. 12). За таа цел, на кваката од вратата истурале вода, а родилката, клекната на прагот, требало да се напие од таа вода, или пак на родилката ѝ давале да се напие вода низ решето (инф. бр. 6). Магиска стимулација се постигнувала и со јајце: на родилката трипати ѝ пропуштале јајце низ пазувите на кошулата, а тоа било придружено со формулата: „Каа кокошката лесно шо несе, така и ти лесно да родиш“ (инф. бр. 13). Со иста цел, низ кошулата на родилката пропуштале цевка за ткаење (*совалка, фрлачка, цевкарка, т̄кајачка*). Неопходен магиски чин било и одврзувањето на сите јазли од телото на родилката (инф. бр. 14). Одврзувањето на сите јазли, како и отпетлувањето на копчињата, е една од најстарите магиски постапки применувани при чинот на раѓањето. Ваквите активности произлегуваат од верувањето во негативните магиски дејства од симболичната затвореност. Поради тоа, како што истакнува Фрејзер, јазлите за време на раѓањето требало задолжително да се одврзат (Џ. Фрејзер, 1992: 305). Присуството на јазли, според имитативната магија, одговара на реалните пречки кои го отежнувале раѓањето. Од истите причини се расплетувала и косата на родилката.

Според народната традиција во Тиквеш, жените раѓале клечешкум или стоечки, а непосредно при процесот на ослободување од мајчината утроба, новороденчето требало да дојде во допир со земјата (инф. бр. 6, 11), чин кој се поврзува со семиотиката на Земјата како општа културно-антрополошка појава. Според некои локални варијанти, при раѓањето, децата требало да паднат на слама или во копани, издлабени дрвени садови кои служеле за хранење на стоката - магиски чин преку кој, со помош на аграрните симболи,

новороденчето се доведува во контакт со Природата. Подоцна овие обреди биле секуларизирани, па така при раѓањето, децата ги оставале да паднат во некој сад, на постела или, едноставно, бабиците ги пречекувале в раце.

По чинот на одвојување, бабицата ја сечела папочната врвца. Чинот бил проследен со обредно-магиски дејства: се мереле три прста, папчето се врзувало со црвен волнен конец или со перче коса земено од родилката, убаво се стегнувало, се мереле уште три прста и папчето се сечело (инф. бр. 6). Во минатото, папчето се сечело со камен. Во таа смисла, информаторката вели: „Папокот со два камења се удира и така папокот се кине“ (инф. бр. 3). Во средините каде што главна стопанска дејност на населението било земјоделството, папочната врвца ја сечеле со срп (инф. бр. 15), а онаму каде што главна стопанска дејност било овчарството, папочната врвца ја сечеле со крклози - ножици за стрижење овци (инф. бр. 15). По чинот на физичкото одвојување, детето го ставале во јаслите да полежи некое време (инф. бр. 16).

Сметајќи ја за особено значајна, папочната врвца се чувала на тајно место. Се верувало дека таа поседува магиска сила и секоја нејзина злоупотреба можела фатално да се одрази врз животот на новороденчето.

Се внимавало на тоа остатоците од раѓањето (крвта) да не се стават на места каде што би дошле во допир со нечисти сили: *гумно, меѓа, праг* и сл. Тие места биле симбол на магиската нечистотија, која, по принципот на *контигиозното,* би се одразила на новороденчето. Затоа крвта и постелката требало да се закопаат на некој благословен и чист дел во земјата или под некое младо и родно дрво. На тој начин се верувало дека детето ќе напредува и ќе расте како и дрвото.

**3. Леунство**

До четириесеттиот ден, леунката и новороденчето се наоѓале во една парцијална изолација, сместени во посебен обреден простор, надвор од очите на јавноста и целосно заштитени од каков било допир со *носителите на нечистото и опасното* - **мрак, нави, уроци.** На тој начин се настојувало да се воспостават нови граници во просторот, кои ќе се означат како *свое : туѓо.*

Мракот како носител на *нечистото* е особено опасен за новороденчето. Се верувало дека тоа е временски период кога *демонските сили* стануваат активни. Затоа се внимавало сите активности поврзани со родилката и со новоороденчето да се завршат до паѓањето на првиот мрак.

Пред мракот требало да се соберат пелените на новороденчето. Ако од кои било причини пелените дојделе во посреден или непосреден допир со мракот, тогаш, по принципот на пожелното, пелените биле подложувани на обредна лустрација: *ги ставале над оган и така под дејство на светлината го уништувале мракот.* Внатрешноста на обредниот простор била осветлувана: *во собата горела петролејска ламба или пак се палела борина* (инф. бр. 17). Ако леунката ја напуштела собата во вечерните часови, тогаш таа со себе носела *запалена борина, кибрит, трат* или некој друг предмет од кој непосредно се чита кодираната функција за светлина и оган.

Според народното верување, *натприродните суштества* познати како *нави* претставувале посебна опасност за родилката и за новороденчето

во овој критичен временски период од четириесет дена. Според народната митологија на Македонците во Тиквеш, *навите* се *невидливи,* без јасно изразена иконографија. Бидејќи се нематеријални и невидливи, нивното присуство се детектирало според нивните дела: леунката добивала *грчеви, главоболки, гушење, паѓала во бесознание, можела да го изгуби млекото, да добие висока температура или пак не дај боже, можеле да предизвикаат ненадејна смрт на леунката или на новороденчето* (инф. бр.2).

Обредните дејства за превентива и заштита биле различни: *на прагот од вратата ставале жар, испишувале крст, закачувале лук или босилек, ставале секира, поставувале црвени конци* (инф. бр. 18), на тој начин создавајќи *огнена меѓа* помеѓу обредниот, посветен простор на леунката и на новороденчето и просторот во кој нечистите сили можеле слободно да се движат. Внатрешноста на просторот исто така се заштитувала: *се палеле непријатни миризливи материјали, се ставало лук и босилек, до новороденчето се ставала маша, метла, дрвено колче, црно платно и други остри предмети* кои требало да го заштитат новороденчето од овие *демонски* и крајно *опасни сили* (инф. бр. 16).

За разлика од мракот и навите, кои му припаѓаат на оној другиот, *онтолошкиот свет*, урокот е предизвикан од непосредното влијание на *лошите урокливи очи.* Општо е верувањето во магичната моќ на човечкиот поглед. Таа способност ја немале сите луѓе. Урокливоста им се припишувала на луѓе кои имале способност да комуницираат со претставниците на *оној свет*. Тоа најчесто биле луѓе со *сини очи, луѓе кои биле повратени на доење, завидливи луѓе, луѓе со лошо зајадливо срце* и сл. (инф. бр. 16, 19, 20).

Симптомите за уроченост биле различни: *висока температура, црвенило на лицето, постојан плач кај новороденчето, зелената боја околу очните капаци, залепени клепки, повраќање, постојаното прозевање* и сл. (инф. бр.3).

Магиско-анимистичката содржина на ова верување имплицирала преземање адекватни мерки за заштита од *урокливите очи.* Најцелосна заштита се постигнувала доколку обредните субјекти се држеле настрана од лицата за кои се верувало дека можат да ги урочат и да го загрозат нивното здравје, нивниот психофизички интегритет и нивната понатамошна егзистенција. Превентивната заштита се постигнувала на различни начини. Ставале **белези**: *лицето на новороденчето го бележеле со точка од јаглен и катран*; прикачувале **обредни предмети:** *на детската капа ставале нога од крт, јајце од бумбар, опавче од зајак, златна монета, крст, монистра, стаклени окца, украсни потковици* и сл. (инф. бр. 5, 21, 22); го заштитувале со **обредна нечистотија**: *новороденчето го поплукувале, го мачкале со првиот измет или со крв* (инф. бр. 6); изговарале **магиски формули**: така, на пример, ако некој го погледнел детето, му се чудел или го фалел, тогаш задолжително требало да ја изговори формулата „Машала, да те серат кокошките“ и сл. (инф. бр. 19). Друга постапка за да се неутрализира магискиот удар од урокот е да се изговори формулата: „Кој те урочи, кур му у очи“ (инф. бр. 19). Исто така, за да се заштити од урок, се седнувало на местото каде што седела личноста за која се верувало дека има урокливи очи,

и се велело: „Да му пукнат очите“. Изработувале и **амајлии**: *прстен и босилек зашиен во крпче, глогов трн, лук - згаснат жар - алтан* и сл.

И покрај големиот арсенал на заштитни средства, урокот честопати ја постигнувал својата цел. За таа цел се преземале активности за неутрализирање и отстранување на ваквата состојба. Магиската инфекција традиционално се лечела со магиски постапки. Неа ја лечеле луѓе за кои се верувало дека поседуваат одредена моќ. Такви биле бајачките, оџите и дервишите. За да ја неутрализираат магиската инфекција тие, најчесто, *ги каделе* обредните субјекти *со темјан, ги попрскувале со осветена вода, им баеле со сол, сето тоа придружено со магиски формули* и сл. Оттука произлегува дека баењето претставува специфичен облик на вербална комуникација со која се настојува да се воспостави контакт со *нечистите сили* стационирани во телото на урочениот субјект, со цел да се отстрани *маната* од неговото тело и да се воспостави една нова социјална рамнотежа.

До четириесеттиот ден, родилката и новороденчето се наоѓаат во една нова статусна положба, не се *ни ваму, ни таму*, тие се *маргиналци*. Новата статусна положба е дефинирана и со нов терминолошки код: леунка - леунче. Воведувањето од статусот леунка - леунче во статусот мајка - дете подразбира активирање на цел систем обредно-магиски и религиски дејства со цел нивниот маргинален статус да се трансформира во нов прифатлив социјален статус мајка - дете.

Во таа смисла се активираат правилата со нагласена агрегациска компонента. Такви се: *првото капење, малата молитва, задојувањето на новороденчето, одредувањето на животните карактеристики, крштевката, големата молитва и повојницата.*

Капењето непосредно по раѓањето на детето е прв, задолжителен и важен обреден чин како за детето така и за родилката. Според Арнолд ван Генеп, обредното капење, како хигиенска постапка, е чин на прочистување, па според тоа би можело да се класира во категоријата обреди на *сепарација,* но истовремено е и обредна активност за *агрегација,* ако се има предвид дека обредните субјекти транзитираат помеѓу категориите **обредно нечисти** ⇒ **обредно чисти** (Arnold van Genep, 1960: 52).

Обредната нечистотија на обредните субјекти произлегува, пред сè, од породилната крв. *Нечистата крв* е привлечна за *нечистите сили.* Таа треба да се отстрани од родилката и од детето. Поради тоа, во текот на 40-те дена, новороденчето постојано се капе со цел да се одржи неговата „обредна чистота“, како предуслов за натамошните постапки за воведување во нов статус.

Магиските активности што се практикувале при обредното капење експлицитно ја зголемуваат агрегациската улога на овој обреден чин. За таа цел, во коритото во кое се капело новороденчето се ставале разни обредни предмети: *јајце, сол, зелено дрвце, колче, монета, прстен, чешел, клуч, житни плодови* и др. По обредното капење, бабата трипати го подигала новороденчето над огнот и ја изговарала магиската формула: „Кај шо е добро, Бог добро да ти даде - кај шо е лошо, огнот да го изгоре“ (инф. бр. 6).

Малата молитва е црковен обред за прочистување на родилката и на новороденчето со *осветена вода*. По раѓањето на детето, некој од домашните одел во црквата за да земе „молитва“. Молитвата се носела во шише, кое задолжително се затворало со босилек. До четириесеттиот ден, од молитвата се сипувало во водата за капење на новороденчето, а родилката пиела од неа и се попрскувала по градите за да го одржи своето млеко обредно чисто. По истекот на овој период, остатокот од молитвата се истурал во протечна вода (инф. бр. 6).

Првото доење за новороденчето претставува фактички и обреден премин во начинот на исхраната. До неговото раѓање, храната се обезбедува преку папочната врвца. По раѓањето, новороденчето станува цицалче.

Според народната традиција, новороденчето требало да го задои друга жена (доилка). Таа седнувала на прагот на надворешната врата и го задојувала детето (инф. бр. 23). Од овој момент, доилката станувала мајка по млеко за новороденчето. Бидејќи се верувало дека новороденчето по магиски пат можело да ги наследи особините на жената-доилка, се внимавало на тоа доилката да биде со позитивни физички и психички карактеристики. Со овој обреден чин, на симболичен начин се истакнува прифаќањето на новороденчето од страна на одредена жена од заедницата, како традиционална форма на агрегација.

По третиот ден, новороденчето го задојувала неговата мајка. Овој чин бил придружен со низа обредно-магиски дејства. Така, на пример, мајката требало да го задои детето од десната града низ златен прстен, а свекрвата над главата на мајката симболично сеела со сито во кое имало квасец, леб, шеќер и др. Со магиските активности при чинот на обредното задојување на симболичен начин се иницирала културната верификација на новороденчето во процесот на воведување во заедницата.

На третата вечер, новороденчето обредно се залулувало. Се приготвувала обредна храна: погача, грав, варена пченка, шербет, суво грозје и сл. Новороденчето го облекувале во нова облека и го залулувале во татковата кошула (бела, старинска), во која ставале обредни предмети: книга, молив, ножици и сл., а бабата изговарала магиски формули со надеж дека на тој начин ќе ја иницира идната професија на детето: да биде учено, писмено, добар мајстор и сл. Залулувањето се одвивало во близина на домашното огниште или покрај сад со жар. Обредното лулање во близина на огнот или на неговиот еквивалент - жарот, експлицитно ја зголемува агрегациската улога на овој обреден чин. Според народната традиција, домашното огниште е сакрално и свето место, симбол на семејството и на родот и е во тесна врска со домашните божества, а во таа смисла и со култот на предците. При обредното лулање, детето трипати се спуштало на земјата, обредна активност која може да се дешифрира преку семиотиката на носителите на кодираните информации што во себе ги содржат бројот *три и Земјата*.

Според народното верување, на третата вечер доаѓале и три наречници за да ја одредат судбината на детето. Наречниците се замислувале како три

жени облечени во црно. Се верувало дека во овие суштества е имплементирана огромна моќ. Во *глува доба*, кога сите спиеле, тие доаѓале и му го одредувале животниот код (судбината - к'сметот) на новороденчето. Наречниците ги завршувале своите дејства со второто пеење на петелите и потоа си заминувале. Нивното пророштво било конечно и непроменливо. Во таа смисла е и народната поговорка која честопати може да се слушне: „Од пишанија нема куртулија. Шо е пишано, така и ќе биде“ (инф. бр. 27). Главниот збор го имала најстарата наречница и нејзиното претскажување било главно и непроменливо.

Според Веселин Чајкановиќ, овие митолошки суштества се душите на предците, кои на свој начин ја истакнувале грижата за новородениот член на семејството (В. Чајкановић, 1926). Фактот што обредот се врши на *третата ноќ,* а не на *третиот ден*, укажува на ваквата можност. Претставата за душите на предците преку кодот „наречници“ упатува на женскиот принцип во овој обред, со кој се потврдува обредното примање на детето во заедницата (В. Стојачевић, 1979: 165).

Крштевката е црковен обред со кој се врши религиска верификација на новороденчето, или поточно кажано, чин со кој новороденчето се воведува во кругот на верската заедница. Според религиската концепција, со обредот *крштевање* се воспоставува паралела помеѓу Адам и Христос. „Со крштевањето“, тврди Тертулијан, „човекот се здобива со карактеристиките на Господ“. По Ќирил, „крштевањето не е само чин на прочистување туку тоа е и антипод на Христовото испосништво“ (М. Елијаде, 1986: 126).

Од овој момент, *кумот и кумата,* како *духовни родители*, претставуваат нераскинлив дел од најзначајните моменти од животот на новороденчето. Тие се главни актери во сите кризни моменти (*раѓање, свадба, смрт*), а доколку децата крстени од еден *кум* предвреме умирале, тогаш одговорноста паѓала на *кумот,* кој, според прописите за *дозволеното - пожелното,* требало да биде сменет. Во спротивно, *кумот и кумата* не смееле да се навредуваат, да се омаловажуваат, да се пцујат или пак без причина да се прекине институцијата кумство (инф. бр. 21).

До крштевањето, детето се нарекувало Пуце. По крштевањето, детето добивало свое сопствено име. Според Арнолд ван Генеп, добивањето на личното име е една од најзначајните агрегациски карактеристики (A.Genep, 1960: 62). Со овој обреден чин новороденчето се воведувало во кругот на живите, или поточно кажано, во кругот на заедницата како нејзин полноправен чин. Според Жан Казање, да се добие име значи да се опстојува како човечко битие (J. Cazeneuve 1986: 106).

Според народната традиција, ако новороденчето било машко, го добивало името на својот дедо по машка линија, а ако било женско, добивало име по бабата, исто така по машка линија, кои, пак, носеле имиња на некои нивни предци.

Децата добивале имиња и по некои светци и празници: *Ико - Илинка* (Св. Илија), *Богдан - Бога* (Св. Богородица), *Ѓоко - Ѓурѓа* (Св. Ѓорѓи), *Спасо - Спаса* (Спасовден), *Митре - Митра* (Митровден), *Тодор - Тодорка*

(Тодорица) и др. Давањето на овие имиња се темели на верувањето во непосредната поврзаност на името со означените својства на предметите и на суштествата, со што се дава можност за позитивна „магиска инфекција“ на релација субјекти - посветеник, со цел преку името да се постигне саканиот ефект.

По враќањето од црква, кумот го носел новороденчето во јаслите (инф. бр. 13), со што на симболичен начин се истакнувало обредното раѓање на новиот член на заедницата. Мајката, откако ќе го земела детето, му целивала рака на кумот, го дарувала со прстен и го прашувала за името. Кумот го кажувал името и притоа ја изговарал формулата: „Ни дадовте Циганче, ви враќаме каурче“.

Обредните активности што се одвивале во домот на новороденчето биле иницирани од грижата на семејството за психофизичката и за материјалната егзистенција на новиот член. Така, на пример, кумот трипати го тркалал детето на масата на која се наоѓале остатоците од храната и тогаш за првпат го заранувал новороденчето (инф. бр. 14). Присутните на овој чин давале пари - за детето да биде берикетлија. Парите ги собирале во капчето на новороденчето. Чаршавот го собирале и го оставале да стои три дена. Третиот ден го треселе, го топеле во вода и го цеделе, а со исцедената вода полевале некое родно дрво(инф. бр. 19).

Пред да ја напуштат куќата, учесниците си ги миеле рацете и во еден сад со осветена вода пуштале метални пари. Со оваа вода го миеле новороденчето, за да не го фаќаат уроци. Со овој обреден чин завршувал обредот крштевка.

Големата молитва го има истото значење за леунката како крштевката за новороденчето. Со оваа молитва се манифестирала *јавната фаза* на воведувањето во социјалната средина, кога обредните субјекти се појавувале пред соселаните со цел да го забележат нивниот нов статус (В. Стојанчевиќ, 1979: 167). Имено, на 40-тиот ден леунката се *капела*, облекувала *чиста облека* и заедно со бабата и со детето одела право в црква на „голема молитва“.

Моментот кога свештеникот ќе ја исчитал молитвата за здравје на родилката ја означува религиската верификација на родилката во обредно чистата верска заедница. Големата молитва го означува крајот на *маргиналното време* и премин во обредно чистите жени.

Со обредното посетување на соседите и на роднините при враќањето од црква се потврдува прифаќањето на родилката и на новороденчето во нивниот нов статус. Така, на пример, по враќањето од црква, мајката со детето требало најпрвин да посети некоја друга куќа. Домаќините на таа куќа го дарувале бебето со *шеќер, брашно и со јајце*: *шеќер* - за детето да било благо, *брашно* - за детето да било сито и *јајце* за детето да имало чисти пелени. Овие дарови домаќините ги ставале во пелените на бебето. Тие требало да се употребат во исхраната. Прошетката завршувала со посета на

домот на родителите на мајката, каде што таа, заедно со своето дете, останувала една седмица (инф. бр. 11).

Во согласност со правилата за *пожелното*, на 40-тиот ден од раѓањето на детето, родилката и новороденчето за првпат јавно биле посетувани од *женски членови* на поширокатa заедница, со цел да им донесат подароци (чорапи, маици) и прехранбени артикли (обредна храна). Новороденчето било дарувано и со пари. По ова прашање, информаторите велат: „Му́ пу́штаат па́ри и́ ви́кат! Да́ си́ ку́пиш бра́тче-се́стриче“ (инф. Ред. бр. 22)." Повојницата требало да се донесе во утринските часови, од каде по принципот на хомеопатската магија (слично=слично), детето требало да напредува како што напредува и денот.

Во таа смисла, преку обредот *повојница* е јасно изразено симболичното прифаќање на новороденчето од страна на заедницата. Всушност, носењето на повојница имплицира *невоведеност* на поединецот во заедницата, со што се истакнува неговата маргинална позиција, како пречка за негова социјализација и предуслов за успешна меѓучовечка комуникација (П. Влаховић, 1995: 77).

**Литература:**

1. J.Cazeneuve, *Socijologija obreda*, Ljubljana, 1986.
2. J.G.Frazer, *Zlatna Grana*, 1,2, Beograd 1992.
3. Arnold van Genep, *The Rites of passage*, Chicago, 1960.
4. Meri Daglas, *Čisto i opasno*, Plato, XX vek, Beograd, 1993.
5. Бојан Јовановић, *Магија српских обреда*, Нови Сад, 1993.
6. Веселин Чајкановић, под: „Суђенице“, *Народна енциклопедија Станоја Станоевића*, Загреб, 1926.
7. Видосава Стојанчевић, *Ритуална обележја животних циклуса (иницијације) и забране (табуи) у обичајима становника јужног Поморавља,* Лесковачки зборник XIX, Лесковац, 1979 год., 165.
8. Мирча Елијаде, *Свето и профано*, Нови Сад, 1986.
9. Петар Влаховић, *Дете у животу и обичајима у Североисточној Србији.* Етно-култоролошки зборник, књ. I, Сврлиг, 1995.
10. Тихомир Ђорђевић, Зле очи у веровању Јужних Словена, Београд, 1983.

**Информатори:**

1. Нокола Андонов, роден во 1892 год. во с. Конопиште.
2. Анастасија Митрева, родена во 1922 год. во с. Бегниште.
3. Доча Иванова, родена 1924 год. во с. Дреново.
4. Митра Ацева, родена во 1918 год. во с. Бојанчиште.
5. Рада Димова, родена во 1938 год. во с. Вешје.
6. Марија Димова, родена во 1922 год. во с. Шешково.
7. Благородна Недева, родена во 1933 год. во с. Долна Бошава.

8. Бранка Костова, родена во 1938 год. во с. Бохула.
9. Слобода Тодорова, родена во 1924 год. во с. Ресава.
10. Дона Иванова, родена во 1924 год. во с. Галишта.
11. Милка Видаковиќ, родена во 1938 год. во с. Бохула.
12. Благородна Недева, родена во 1933 год. во с. Долна Бошава.
13. Нада Ајтова, родена во 1929 год. во с. Рожден.
14. Цвета Петрова, родена во 1932 год. во с. Страгово.
15. Рада Камчева, родена во 1930 год. во с. Праведник.
16. Марија Петрова, родена во 1938 год. во с. Дреново.
17. Велика Иванова, родена во 1922 год. во с. Драчевица.
18. Васа Стојанова, родена во 1924 год. во с. Клисура.
19. Велика Лазова, родена во 1928 год. во с. Дрен.
20. Мица Ацева, родена во 1918 год. во с. Бојанчиште.
21. Дунавка Георгиева, род. 1931 год. с. Страгово
22. Спаса Неделкова, родена во 1938 год. во с. Драдње.
23. Васа Стојанова, родена во 1924 год. во с. Барово.
24. Фора Јорданова, родена во 1927 год. во с. Прждево.